Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина **ИЛИНДЕН** на **41** седница одржана на **26.12.2011** година, донесе :

# Б У Џ Е Т
# на Општина ИЛИНДЕН за 2012 година

## 1. Општ дел

**Член 1**

Буџетот на Општината **ИЛИНДЕН** за **2012** година се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **413,170,000** |
| | Даночни приходи | 93,756,000 |
| | Неданочни приходи | 8,593,000 |
| | Капитални приходи | 198,500,000 |
| | Приходи од дотации | 73,011,000 |
| | Трансфери | 28,560,000 |
| | Приходи од донаци | 10,750,000 |
| **II.** | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **428,910,000** |
| | Од утврдени намени | 427,910,000 |
| | Резерви | 1,000,000 |
| **III.** | **Д Е Ф И Ц И Т** | **-15,740,000** |
| **IV.** | **ФИНАНСИРАЊЕ** | **15,740,000** |
| | **Прилив** | ***26,740,000*** |
| | Домашни приливи | 26,740,000 |
| | Приливи од странски заем | 0 |
| | **Одлив** | ***11,000,000*** |
| | Отплата на главница | 11,000,000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# Биланс на приходи на ниво на ставки

| Категорија / Ставка / Поткатегорија — О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од донации | Приходи од дотации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 231,401,329 | 352,917,000 | 324,566,000 | 4,843,000 | 10,750,000 | 73,011,000 | 26,740,000 | 439,910,000 |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **231,401,329** | **56,541,000** | **93,756,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **93,756,000** |
| **711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **231,401,329** | **1,756,000** | **1,836,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1,836,000** |
| *7111 Персонален данок на доход* | *231,401,329* | *1,756,000* | *1,836,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *1,836,000* |
| **713 Даноци на имот** | **0** | **25,210,000** | **33,010,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **33,010,000** |
| *7131 Данок на имот* | *0* | *8,000,000* | *11,800,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *11,800,000* |
| *7132 Данок на наследство и подарок* | *0* | *1,200,000* | *1,200,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *1,200,000* |
| *7133 Данок на промет на недвижности* | *0* | *16,000,000* | *20,000,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *20,000,000* |
| *7135 Камати* | *0* | *10,000* | *10,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *10,000* |
| **717 Даноци на специфични услуги** | **0** | **29,400,000** | **58,705,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **58,705,000** |
| *7171 Комунални даноци* | *0* | *29,400,000* | *58,705,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *58,705,000* |
| **718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **0** | **175,000** | **205,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **205,000** |
| *7181 Дозволи за вршење на дејност* | *0* | *175,000* | *205,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *205,000* |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **0** | **6,836,000** | **3,750,000** | **4,843,000** | **0** | **0** | **0** | **8,593,000** |
| **722 Глоби, судски и административни такси** | **0** | **1,400,000** | **1,600,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1,600,000** |
| *7223 Административни такси* | *0* | *1,400,000* | *1,600,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *1,600,000* |
| **723 Такси и надоместоци** | **0** | **4,992,000** | **150,000** | **4,593,000** | **0** | **0** | **0** | **4,743,000** |
| *7231 Помошни активности во образованието* | *0* | *4,512,000* | *0* | *4,593,000* | *0* | *0* | *0* | *4,593,000* |
| *7232 Продажба на производи* | *0* | *130,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* |
| *7239 Закупнини* | *0* | *350,000* | *150,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *150,000* |
| **724 Други владини услуги** | **0** | **145,000** | **100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100,000** |
| *7241 Други владини услуги* | *0* | *145,000* | *100,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *100,000* |
| **725 Други неданочни приходи** | **0** | **299,000** | **1,900,000** | **250,000** | **0** | **0** | **0** | **2,150,000** |
| *7259 Други неданочни приходи* | *0* | *299,000* | *1,900,000* | *250,000* | *0* | *0* | *0* | *2,150,000* |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **0** | **82,400,000** | **198,500,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **198,500,000** |
| **733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **0** | **82,400,000** | **198,500,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **198,500,000** |
| *7331 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања* | *0* | *82,400,000* | *198,500,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *198,500,000* |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **0** | **149,640,000** | **28,560,000** | **0** | **10,750,000** | **73,011,000** | **0** | **112,321,000** |

| Категорија Ставка Поткатегорија | О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2012 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од донации | Приходи од дотации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **112,765,000** | **28,560,000** | **0** | **0** | **73,011,000** | **0** | **101,571,000** |
| *7411* | *Тековни трансфери од други нивоа на власт* | *0* | *112,765,000* | *28,560,000* | *0* | *0* | *73,011,000* | *0* | *101,571,000* |
| **742** | **Донации од странство** | **0** | **30,875,000** | **0** | **0** | **7,700,000** | **0** | **0** | **7,700,000** |
| *7421* | *Општи и тековни донации* | *0* | *30,875,000* | *0* | *0* | *7,700,000* | *0* | *0* | *7,700,000* |
| **744** | **Тековни донации** | **0** | **6,000,000** | **0** | **0** | **3,050,000** | **0** | **0** | **3,050,000** |
| *7441* | *Донации од приватни компании* | *0* | *6,000,000* | *0* | *0* | *3,050,000* | *0* | *0* | *3,050,000* |
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **57,500,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26,740,000** | **26,740,000** |
| **754** | **Друго домашно задолжување** | **0** | **57,500,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26,740,000** | **26,740,000** |
| *7541* | *Друго домашно задолжување* | *0* | *57,500,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *26,740,000* | *26,740,000* |

# Биланс на расходи на ниво на ставки

| Категорија Ставка | О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 231,401,329 | 352,917,000 | 324,566,000 | 4,843,000 | 10,750,000 | 73,011,000 | 26,740,000 | 439,910,000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **77,968,000** | **27,611,000** | **0** | **0** | **53,909,000** | **0** | **81,520,000** |
| 401 | Основни плати | | 55,070,000 | 18,167,000 | 0 | 0 | 39,305,000 | 0 | 57,472,000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | 20,204,000 | 6,694,000 | 0 | 0 | 14,604,000 | 0 | 21,298,000 |
| 404 | Надоместоци | | 2,694,000 | 2,750,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,750,000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | | **1,000,000** | **1,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1,000,000** |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **65,705,000** | **54,465,000** | **3,933,000** | **0** | **13,743,000** | **0** | **72,141,000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 540,000 | 720,000 | 0 | 0 | 60,000 | 0 | 780,000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 17,870,000 | 14,549,000 | 135,000 | 0 | 6,809,000 | 0 | 21,493,000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | | 6,341,000 | 1,800,000 | 3,086,000 | 0 | 842,000 | 0 | 5,728,000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 18,298,000 | 16,936,000 | 120,000 | 0 | 2,001,000 | 0 | 19,057,000 |
| 425 | Договорни услуги | | 12,180,000 | 8,330,000 | 505,000 | 0 | 3,321,000 | 0 | 12,156,000 |
| 426 | Други тековни расходи | | 9,366,000 | 10,230,000 | 87,000 | 0 | 141,000 | 0 | 10,458,000 |
| 427 | Привремени вработувања | | 1,110,000 | 1,900,000 | 0 | 0 | 569,000 | 0 | 2,469,000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | | **0** | **4,650,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4,650,000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | 0 | 4,650,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,650,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **5,254,000** | **6,040,000** | **0** | **0** | **129,000** | **0** | **6,169,000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | 240,000 | 290,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 290,000 |
| 464 | Разни трансфери | | 5,014,000 | 5,750,000 | 0 | 0 | 129,000 | 0 | 5,879,000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **202,990,000** | **219,800,000** | **910,000** | **10,750,000** | **5,230,000** | **26,740,000** | **263,430,000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 10,891,000 | 16,900,000 | 120,000 | 4,000,000 | 0 | 16,210,000 | 37,230,000 |
| 481 | Градежни објекти | | 100,000 | 650,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650,000 |
| 482 | Други градежни објекти | | 183,867,000 | 180,950,000 | 0 | 6,750,000 | 5,230,000 | 10,530,000 | 203,460,000 |
| 483 | Купување на мебел | | 195,000 | 7,150,000 | 160,000 | 0 | 0 | 0 | 7,310,000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | | 856,000 | 2,150,000 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 2,180,000 |
| 486 | Купување на возила | | 7,081,000 | 12,000,000 | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 12,600,000 |

| Категорија Ставка | О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | **0** | **11,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11,000,000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | 0 | 11,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11,000,000 |

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
## НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2012 ГОДИНА

Предлог Буџетот на Општина Илинден за 2012 година е во согласност со одредбите од Закон за буџетите (Службен весник на Република Македонија број 64/2005) и насоките за изработка на буџетот за 2012 година, очекуваните приходи и расходи усогласени со новите законски промени во деловите на извори за финансирање на локалната самоуправа и согледувањата за локалниот економски развој на Општината.

Анализата на приходите и расходите на Општината во буџетот за минатите години се земени како основа во проектирањето на Буџетот на Општина Илинден за 2012 година со развојна компонента.

Имајќи предвид дека буџетирањето е двонасочен процес (за и од граѓаните), применет е партиципативниот принцип на буџетирање при поставување на приоритетите на локалната заедница.

**Извори на финансирање на Општина Илинден**

- од сопствени извори;
- од дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;
- со задолжување;

**Сопствени извори на приходи на Општина Илинден**

За целосно остварување на концептот на функционална и финансиско-економска самостојност, Општина Илинден како локална самоуправа, согласно Законот самостојно ги определува, утврдува и наплатува сопствените извори на приходи, при што самостојно ја утврдува висината на стапките, односно износите за поодделните даноци и такси во рамките што ги определува Законот.

- **Локални даноци**
  -данок на имот;
  -данок на наследство и подарок;
  -данок на промет на недвижности;
  -други локални даноци утврдени со закон;

- **Локални такси**
  -комунални такси;
  -административни такси;
  -други локални такси утврдени со закон;

- **Локални надоместоци**
  -надоместок за уредување на градежно земјиште;
  -надоместоци од комунална дејност;
  -надоместоци за просторни и урбанистички планови;
  -други локални надоместоци утврдени со закон;

- **Приходи од сопственост**
  -приходи од закупнина;
  -приходи од камати;
  -продажба на имот;

- **Приходи од дел од персонален данок на доход**
  -Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и се регистрирани согласно Законот за занаетчиска дејност целосно (100%) се распоредува како приход на општината;
  -Персонален данок на доход на лични примања од плати, на општината припаѓа 3% од приходот од персонален данок на доход од лични примања остварен од физичките лица со постојано живеалиште или, престојувалиште во Општина Илинден;

- **Приходи од парични казни**
  -парични казни утврдени со закон;

- **Приходи од донации**
  -донации во финансиски средства, претставуваат финансиски приходи;
  -донации во предмети, се евидентираат во имотот на општината;

- **Други приходи**
  -приходи од кредити;
  -други приходи утврдени со закон;

**Дотации од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите**

Согласно Законот за финансирање на ЛС, општината се финансира и од дотации, односно преку трансфер на средства од Буџетот на Р. Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. Овој трансфер се врши согласно прописите за трезорско работење. Преку дотациите централната власт обезбедува дополнителни приходи за непречено извршување на надлежностите на општината. Владата ги известува општините за видот и висината на дотациите за секоја општина одделно за наредната буџетска година, заедно со буџетскиот циркулар.

Со законот се предвидуваат следниве видови на дотации:

- Приходи од данок на додадена вредност( ДДВ);
- Наменска дотација;
- Капитална дотација;
- Блок дотација и
- Дотација за делегирана надлежност

**Структура на планирани приходи:**

| | | |
|---|---|---|
| Сопствени извори на финансирање | **309.849.000** | **70,5 %** |
| Дотации од Буџетот на РМ и од буџетите на фондовите | **101.571.000** | **23,1 %** |
| Задолжување | **28.000.000** | **6,4 %** |
| **ВКУПНО :** | **439.420.000** | |

**а) Сопствени извори на финансирање**

Приходи од сопствени извори во 2012 година се планираат во износ од 309.849.000,00 денари, што претставува 70,5 % од вкупните приходи на општината.

| | |
|---|---|
| Локални даноци | 33.010.000 |
| Локални такси | 3.955.000 |
| Локални надоместоци | 58.705.000 |
| Приходи од продажба на државно градежно неизградено земјиште | 198.500.000 |
| Приходи од дел од персонален данок на доход | 1.836.000 |
| Донации | 9.000.000 |
| Други приходи | 4.843.000 |
| **ВКУПНО :** | **309.849.000** |

**б) Дотации од Буџетот на РМ и од буџетите на фондовите**

| | |
|---|---|
| Блок дотација за основното образование | 65.581.000 |
| Блок дотација за детска заштита | 3.830.000 |
| Данок на додадена вредност | 12.260.000 |
| Трансвери за локални патишта и улици | 4.300.000 |
| Трансвери од други нивоа на власт | 12.000.000 |
| **ВКУПНО:** | **97.971.000** |

**в) Задолжување**

| | |
|---|---|
| Подзаем од Владата на РМ (Светска банка) | 16.000.000 |
| Заем од домашна банка | 12.000.000 |
| **ВКУПНО:** | **28.000.000** |

**Структура на планирани расходи:**

**Структура на планирани расходи на основниот буџет:**

| | | |
|---|---|---|
| Плати и надоместоци за вработени во општината, членовите на совет, за вработените во основните училишта и детската градинка финансирани од основниот буџет на општината | 27.611.000 | **8, 5 %** |
| Стоки и услуги | 54.465.000 | **16,7 %** |
| Капитални расходи | 226.840.000 | **70,0 %** |
| Отплата на заем | 15,650.000 | **4.8 %** |
| **ВКУПНО :** | **324.566.000** | |

**Посебен акцент во основниот буџет за 2012 година е ставен на капиталните расходи кои заземаат 70 % од планираните средства во основниот буџет, од кој се гледа развојна компонента на истиот.**

Процесот на инвестирање во основа трае релативно долго, бара големи напори и предизвикува значајни трошоци посебно ако се работи за крупни инвестициски проекти и предмети на вложување. Сето ова наметнува потреба од рационализација на целиот процес, како и на неговото планирање.

Планирањето на инвестициските проекти претставува постапка преку која на креативен начин се врши оптимизација на употребата на расположивите ресурси, во правец на остварување на потребната економска ефикасност.

Планирањето во себе вклучува подготовка, оценка, изведба и понатамошно стопанисување со инвестицискиот проект. По правило, средствата кои се наменети за да се имплементираат во целост за сите надлежности делегирани на Општината за реализација на развојни проекти, секогаш се помалку од потребите. Тоа ги прави средствата за инвестиции да бидат многу скап ресурс, а нивната правилна алокација односно вистинскиот избор на предметот на инвестиции се наметнува како пресуден фактор за обезбедување на континуиран и одржлив економски развој и обезбедување на јавни ефективни услуги на локално ниво.

Денес е време на кревање на нормите, вредностите и стандардите во образованието. Општината го започна овој процес во училиштата со реконструкција и доградба на постојните основни училишта и изградба на новото модуларно училиште како и проширување на капацитетот на детската градинка за повеќе од 100%, односно од досегашниот капацитет за згрижување од 70 на 150 дечиња.

Општината инвестира во изградба на ново модуларно училиште кое е започнато со градба, за кое се предвидени 97.000.000,00 денари за негова изградба како и 7.000.000 денари за внатрешно опремување.

За енергетската ефикасност во јавните општински установи – ОУ „Гоце Делчев“ , Детската градинка и Домот на Култура „Илинден“, со воведување на нов систем на греење и ладење со алтернативни, обновливи извори на енергија издвоени се 13.000.000 денари.

За образовни потреби во образовниот процес, за функционирање на основните училишта во општината обезбедени се 87.536.000,00 денари.

Во Буџетот за 2012 година предвидени се средства од 29.100.000 ден. за целосна реализација на проектот „10 Домови на Култура“, вклучувајќи внатрешно опремување и пуштање во употреба на Домот на Култура „Илинден“, како и воспоставување на 12 “Wi-fi zone“ зони со слободен пристап на безжичен интернет.

Во програмата за уредување на градежно земјиште планирани се 20.500.000,00 денари за партерно и хортикултурно уредување на површините околу Домот на култура во н.Илинден и Модуларното училиште како и останати јавни урбани простори.

Во насока на подобрување на спортската инфраструктура и развој на спортот планирано е изградба на трибина и реконструкција на фудбалскиот стадион во н.Илинден, изградба на спортски комплекс кај спортската сала Гоце Делчев и повеќенаменски игралишта.

Во програмата за јавен превоз на патници обезбедени се 900.000,00 денари за обезбедување на континуирано подобрување на услугите на јавниот превоз на граѓаните во Општината.

Значителен дел од капиталните расходи во износ од 100.000.000,00 денари се планирани во програмата за изградба и реконструкција на локални улици , патишта и мостови односно се планира асвалтирање на локалните улици и патишта, одржување на постојната патна инфраструктура, изградба на мостови, изградба на пешачки мостови, како и реконструкција на мостови.

Со буџетот на општина Илинден за 2012 година се обезбедува континуирана урбанизација на просторот, рационализација на постојните и планирање на нови површини како и инвестиции во инфраструктурата за подршка на локалните економски зони.

Во програмата за изградба на фекална канализација планирани се 31.150.000,00 денари за изградба на два нови сегменти со пречистителни станици во Илинден и Кадино.

За подобрување на квалитетот на комуналните услуги во општината планирани се 12.000.000,00 денари за набавка на камиони за собирање на отпад и камион за зимско одржување со соларка.

За проширување на водоводната мрежа во населените места и локалните економски зони и подобрување на квалитетот на испорака на вода за пиење планирани се средства во износ од 5.000.000,00 денари.

Финансирање на депонирањето на комуналниот отпад во депонијата Дрисла, собран од граѓаните на Општината. Со цел да не се зголеми цената на комунални услуги што ја плаќаат граѓаните, во Буџетот се издвојуваат средства во износ од 3.500.000,00 денари за депонирање на комуналниот отпад во депонијата „ДРИСЛА“ со што директно се грижиме за здрава животна средина и квалитетот на живеење како и почитување на законската регулатива.

Обврската на граѓаните за надомест за одржување на системот за одведување на атмосверски води кон ЈП Скопско Поле-Скопје која за 2012 година изнесува 4.206.000,00 денари, Општина Илинден ќе ја подмири за сметка на своите граѓани.

За проширување на мрежата на улично осветлување во буџетот планирани се средства во износ од 1.000.000,00 денари.

**Гафички приказ на учеството на пооделните расходи во вкупниот Буџет на Општина Илинден за 2012 година**




Општина Илинден
Градоначалник
Жика Стојановски